FRONT 21|42
Headquarters: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

06.01.2024 година, Скопје

**До:**
**Министерство за култура**
Одговорно лице
Фросина Ѓоршовска

Врз основа на член 56 став (2) од Законот за животната средина[1], член 2 став (2) од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина[2], член 68-а став (4) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија[3] и член 8 од Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Архуска Конвенција)[4] ги поднесуваме следниве

**К О М Е Н Т А Р И**
**За учеството на јавноста во процесот на донесување на**
**Предлогот на закон за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион**

Предлогот на законот е објавен на18.12.2023 година на Единствениот Национален Електронски Регистар на Прописи (во натамошниот текст: ЕНЕР) заедно со Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата (во натамошниот текст: ПВР), со рок за коментари од јавноста од 20 дена (период кој ги вклучува новогодишните и божиќните празници) и со информација дека не се предвидува јавна расправа.
Истиот е објавен на интернет страницата на Министерството за култура, без никакви дополнителни информации (дата на објава, до кога и до кого да се доставаат коментари, кога и каде ќе се организира јавна расправа, итн.).
Ваквиот начин на донесување на законот е спротивен на релевантното национално и меѓународно законодавство кои го уредуваат учеството на јавноста во донесување на прописи кои ја афектираат животната средина.
За предметниот закон, Министерството за култура има законска обврска доследно да ги спроведе Законот за животна средина, Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти... (Службен Весник бр.147/2008), како и одредбите на Архуската Конвенција.

Конкретно:
Член 56 став (2) од Законот за животна средина, предвидува: „**Субјектите од членот 52 на овој закон се должни**, во зависност од нивната надлежност, **да овозможат учество на јавноста во текот на**

[1] Службен Весник на Р.М. бр. 53/2005, 81/2005; 79/2006; 101/2006; 109/2006; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 161/2009; 1/2010; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 28/2018; 65/2018; 99/2018; 176/2021; 216/2021; 89/2022; 99/2022; 171/2022;
[2] Службен Весник на Р.М. бр. 147/2008, 45/2011
[3] Службен Весник на Р.М. бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16, 113/17, 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22
[4] Закон за ратификација (Службен Весник на Р.М. бр. 40/99)

**изготвувањето на закони,** други прописи и правни акти **во согласност со условите, начинот и постапката определени со членот 61 став (4) на овој закон**".

Врз основа на членот 61 став (4) од овој закон, донесен е погоре посочениот подзаконски акт – Уредба за учество на јавноста..., кој ја утврдува постапката за учество на јавност при донесување на прописи со кои се задира во животната средина и кој прецизира:

- Член 2 став (2): „**Во постапката за изработката на прописи** и други акти (во натамошниот текст: прописи) и/или плански документи, **органите на државната управа** и органите на единицата на локалната самоуправа (во натамошниот текст: органите**), <u>треба на јавноста да и овозможат ефективно да учествува во изработката на прописите</u> и во донесувањето, изменувањето и ревидирањето** (во понатамошниот текст: изработка) на планските документи **во нивната најрана фаза на нивното донесување, односно при донесување на одлуката согласно член 4 од оваа уредба".**

- Член 6: „**Органот за изработката на пропис** и/или плански документ **<u>треба да обезбеди услови за учество на засегнатата јавност со одржување на најмалку една јавна расправа</u> и да го стави нацрт прописот** и нацрт планскиот документ **на јавен увид и на својата веб страна.**
**<u>Јавниот увид може да трае најмалку 30 дена"</u>**.
**<u>Јавната расправа се одржува најмалку 15 дена од денот на ставањето на прописот и/или планскиот документ на јавен увид, а најдоцна 5 дена пред денот на истекувањето на рокот за јавниот увид, од ставот 2 на овој член.</u>**

Член 7,8, и 10 од Уредбата понатаму ги прецизираат обврските на надлежните органи поврзани со јавната расправа.

Правото на ефективно учество на јавноста во донесување на акти кои имаат влијание врз животната средина го обезбедува Архуската Конвенција, конкретно:

- Член 8: „**Секоја Страна ќе настојува да го унапредува активното учество на јавноста во соодветната фаза, и додека опциите се уште се отворени, во текот на изготвувањето од страна на јавните власти, на извршните одредби и на останатите општо важечки правно обврзувачки правила, што можат да имаат битно влијание врз животната средина. За таа цел ќе треба да се преземат следниве мерки:**
  а) **ќе треба да се фиксираат динамиките и роковите што ќе бидат доволни за ефикасно учество;**
  б**) Нацрт правилата ќе треба да се објават или на некој друг начин да се направат јавно расположлив**; и
  в) **на јавноста ќе треба да и се даде можност да коментира, непосредно или преку репрезентативните консултативни тела".**

- Член 6 став став (3): **<u>„Процедурите за учество на јавноста ќе содржат разумни рокови за различните фази, со кои што ќе се даде доволно време за информирање на јавноста согласно со став 2, и на јавноста ќе и се даде доволно време да се подготви и ефикасно да учествува во текот на донесувањето одлуки за животната средина".</u>**

FRONT 21|42
Headquarters: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

- Став (4): **„Секоја Страна ќе се погрижи за навремено учество на јавноста, кога сите опции се отворени и кога може да се реализира ефикасно учество на јавноста“.**

- Став (7): „**Со постапките за учество на јавноста, на јавноста ќе и се дозволи во писмена форма или, доколку така е посоодветно, на јавна расправа** или разговор или разговор со апликантот, **да ги достави сите забелешки, информации, анализи или мислења што таа ги смета за релевантни на предложената активност**“.

Во оваа смисла укажуваме на одлука од праксата на Архускиот Жалбен Комитет која се однесува на идентичен случај на организирање на консултации со јавност во време на празници:

Во случајот *Spain ACCC/C/2008/24; ECE/MP.PP/C.1/2009/8/Add.1*[5], Архускиот Жалбен Комитет истакнува дека е свесен дека во многу земји од регионот на УНЕЦЕ, **периодот помеѓу 22 декември и 6 јануари се смета за божиќен одмор**, и покрај фактот дека официјално многу канцеларии работат во тој период. **<u>Комитетот смета дека периодот од 20 дена за јавноста да се подготви и ефективно да учествува не може да се смета за разумен, особено ако тој период вклучува денови на генерална прослава во земјата.</u>**

Имајќи го предвид погоренаведеното, **БАРАМЕ Министерството за култура доследно да ги спроведе релевантните закони, односно:**

- **Да ги објави сите законски регулирани информации на својата интернет страница (согласно Член 3 од посочената Уредба за учество на јавноста...);**
- **<u>Откако ќе ги објави потребните информации</u>, вклучително и времето и местото на јавната расправа, <u>да обезбеди рок од најмалку 30 дена за јавен увид</u> и доставување на писмени забелешки, мислења и предлози на јавноста;**
- **Да организира најмалку 1 јавна расправа.**

Посочуваме дека за истиот закон, во 2019 година Министерството за култура обезбеди 60 дена рок за јавен увид (бидејќи периодот, исто како и сега, се поклопуваше со новогодишните и божиќните празници) и ја организираше законски обврзната јавна расправа.

Нашите коментари во однос на самиот Предлог на закон и ПВР Извештајот за истиот ќе ги доставиме во рокот за учество на јавноста, откако истиот ќе биде усогласен со релевантните национални и меѓународни законски одредби, како за време на обврзната јавна расправа.

Со почит,
Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42“

[5] https://unece.org/DAM/env/pp/compliance/CC_Publication/ACCC_Case_Law_3rd_edition_eng.pdf